**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-1937/3
14.04.2025 година

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1937/1 од 25.03.2025 година, поднесено од барателот [redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**I.** Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-1953/2 од 25.03.2025 година, поднесено од барателот [redacted] со кое се бараат информации од јавен карактер, и истите да му се достават во електронска форма на меил, **ДЕЛУМНО СЕ ОДБИВА.**

**II.** Имателот на информации Општина Велес го известува барателот [redacted] дека информацијата која се однесува на локациите на дивоградбите е информација која содржи лични податоци чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци и истите се стекнати односно составени за спроведување на управна постапка кај имателот на информации Општина Велес по барања на физички и правни лица од Општина Велес за свои индивидуални и приватни потреби, како и по службена должност, и истите не се од јавен карактер односно јавен интерес, поради што барањето за доставување на таквата информација му се одбива.

**III.** Имателот на информации од јавен карактер Општина Велес во однос на барањето за информации од јавен карактер:

**1.** Дали Општина Велес има склучено договор за проверка и сервисирање на ПП апарати и ПП хидранти во сите установи кои се во надлежност на Општината и дали објектите на основните училишта, детските градинки и останатите општински установи имаат противпожарна опрема и кога последен пат се проверени (испитани)противпожарните апарати и против пожарните хидранти;

**2.** Дали Општина Велес поседува техничка документација за секој објект во надлежност на општината(згради, основни училишта и градинки) за брза евакуација при евентуални пожари, поплави или земјотреси;

**3.** Дали сите училишта и останати установи под надлежност (згради,основни училишта и градинки)за брза евакуација при евентуални пожари поплави или земјотреси, Ви ги доставуваме следните информации од јавен карактер:

-Известување бр.08-1974/1 од 26.03.2025 година од Народен музеј Велес;
-Доставување на податоци бр.03-99/2 од 27.03.2025 година од Локална библиотека „Гоце Делчев"Велес;
- Доставување на податоци бр.03-98/2 од 27.03.2025 година од Општинско основно музичко училиште „Стефан Гајдов"Велес;
-Одговор на барање на податоци бр.03-98/2 од 27.03.2025 година од СОУ „Кочо Рацин" Велес;
-Известување од СОУ„Димитрија Чуповски"Велес;
-Известување од ООУ „Кирил Методиј"Велес;
-Доставување на податоци бр.03-82/2 од 27.03.2025 година од ООУ „Стојан Бурчевски Буридан"с.Иванковци,Велес;
-Известување од ОУ „Рајко Жинзифов"Велес и други.

**4**. Во однос на прашањето за детален извештај за активностите во последните три години на Локалниот совет за превенција, Ве известуваме дека Локалниот Совет за превенција на ден 23.07.2023 година учествуваше во превентивната кампања „соседска патрола" , со мешани патроли составени од полициски службеници на секторот за внатрешни работи,претставници на локалната самоуправа,Општинскиот совет за превенција за детско престапништво,родители, како и Центарот за социјални работи Велес, каде е извршена превентивна обиколка на угостителските објекти, линк од известувањето за оваа заедничка активност https://mvr.gov.mk/vest/27372.

**5**. Во однос на барањето да се детектираат јавните објекти каде има поголема фреквенција од луѓе(како клубови, кафичи, културни домови, училишта и слично) и истите да се еволуираат во однос на нивната безбедност и легалност, Ве известуваме дека во Општина Велес има 12 угостителски објекти (кафичи и слаткарници) кои користат јавно-прометна површина и тоа:

-ДУТГ ЦиГ група ДОО увоз-извоз (Пабот кај Офицески) со важечко Одобрение до 31.10.2025 година;
-ТП Тарантино ДООЕЛ со важечко Одобрение до 30.04.2025 година;
-ДПТУ Кармен Компани ДООЕЛ (Винарија) со важечко Одобрение до 30.04.2025 година;
-ДУПТУ Кафе бар Фејмос 2023 ДООЕЛ со важечко Одобрение до 30.06.2025 година;
-ТП ДТУУ Драјв Кафе ДООЕЛ со важечко Одобрение до 30.06.2025 година;
-ДТПУ Арес Арт 2020 ДООЕЛ (пресметка до 30.04.2025 година;
-Диферент 2017 ДООЕЛ со важечко Одобрение до 30.04.2025 година;
-Ескејп ДООЕЛ со важечко Одобрение до 30.07.2025 година;
-ДТКУ Мис Глорија ДООЕЛ со важечко Одобрение до 31.05.2025 година;



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

-Копчиња 2020 ДООЕЛ (Барето) со важечко Одобрение до 30.04.2025 година;
-ДУТУ Орион Вел ДООЕЛ (вториот деловен простор од кафичот Ескејп) со важечко Одобрение до 30.07.2025 година и
-Слаткарница Крем Кафе ДООЕЛ со важечко Одобрение до 30.04.2025 година.

Кафичите и рестораните кои се наоѓаат на територијата на Општина Велес но користат сопствен простор за поставување на урбана опрема и истите се должни да достават елаборат за поставување на урбана опрема за да им издадеме Одобрение за вршење на дејност надвор од деловниот објект се:

-ДПТУ Сангрија ДООЕЛ важечко Одобрение за вршење на дејност за 2025 година;
-ТП Меаната на Даце 2025 важечко Одобрение за вршење на дејност за 2025 година;
-ДПТУ Нексус Компани ДООЕЛ (Офицерски) со важечко Одобрение за вршење на дејност за 2025 година.

Сите останати угостителски објекти треба да се проверат и да им се наложи да достават Барање за Одобрение за вршење на дејност или Одобрение за поставување на урбана опрема на јавно прометна површина.

Оние угостителски објекти кои имаат доставено Елаборати врз кои се изработува Одобрението, во својот состав содржат фаза ППЗ во која се означени елементи кои се потребни во оваа фаза, пристапност на противпожарно возило и возило на Брза помош.

**6**. Во однос на прашањето дали овие објекти кореспондираат во реалноста на нивната дејност со категоризацијата на ДУП-от, сите објекти кои користат јавно прометна површина и за истите имаме издадено соодветно Одобрение, кореспондираат во реалноста на нивната дејност со категоризација на ДУП-от;

**7.** Во однос на прашањето дали овие јавни објекти имаат лиценца за работа, Ве известуваме дека Општина Велес не е надлежна за издавање за **лиценци за работа на вршење на угостителска дејност. За ова прашање надлежно е Министерството за економија согласно Законот за угостителска дејност**. Во Елаборатите кои деловниот субејкт ги доставува до Општина Велес, потребно е само да приложи пријава за минимално технички услови, тековна состојба и решение за упис во цетрален регистер за основаната фирма која ја врши дејноста.

Согласно член 20 став 1 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 и 16/25), угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор се врши врз основа на лиценца.

Хотелите со најмалку четири ѕвездички можат да ја вршат дејноста од ставот 1 на овој член без лиценца.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

**Лиценцата од ставот 1 на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.**

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува формата и содржината на образецот на лиценцата, како и начинот на издавањето и одземањето на лиценцата.

**8.** Што се однесува до прашањето дали овие јавни објекти ги исполнуваат безбедносните протоколи според Законот за градење и Правилникот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека согласно член 47 став (6) од Законот за градење, основниот проект освен за градби за индивидуално домување и јавни објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица, содржи и елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласно член 59-в став 6 од Законот за градење , доколку се работи за изградба на градби за кои основниот проект согласно со членот 47 став (5) од овој закон содржи и елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, надлежниот орган од членот 58 од овој закон, во рокот утврден во ставот (1) на овој член, доставува барање за увид во основниот проект и до Дирекцијата за заштита и спасување, која е должна во рок од пет дена од денот на приемот на барањето да изврши увид во основниот проект и да даде согласност на елаборатот или да даде забелешки доколку не се исполнети условите за согласност.

Во член 47 став 5 од Законот за градење е предвидено дека основниот проект за линиски инфраструктурни градби за кои е изработен проект за инфраструктура, не содржи студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, односно елаборат за заштита на животната средина одобрени од надлежен орган.

**Одобренијата за градење на овие објекти се издадени од Општина Велес во согласност со Законот за градење и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**9.** Што се однесува до прашањето дали овие објекти поседуваат Елаборати за заштита при работа и план за евакуација при пожар и дали е тој истакнат на видно место во објектот(што е обврска на работодавачот врз основа на Законот за заштита при работа), Ве известуваме дека како што и самите го наведувате Законот за заштита при работа(кој повеќе не е во важност од 2007 година со донесување на Законот за безбедност и здравје при работа (Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 18/20 и 74/25), во член 24 став 4 од Законот за безбедност и здравје при работа е предвидено дека работодавачот е должен да утврди план за евакуација и спасување во случај на вонредна ситуација и со него да ги запознае сите вработени и врз основа на тој план мора да се спроведат практични вежби најмалку еднаш на две години. Во член 57 став 1 од овој закон е предвидена глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност која ќе му се изрече на микро и мал работодавач - правно лице, глоба во износ од 600 до 800 евра на среден работодавач - правно лице, глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност која ќе му се изрече на голем работодавач - правно лице, ако не утврди план за евакуација и спасување за вонредни ситуации (член 24 став (4)).



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Согласно член 56 од горенаведениот закон за Безбедност и здравје при работа, за прекршоците утврдени во членовите 56 и 57 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот.

**Според горенаведеното, одговор на ова прашање треба да си побарате од органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот а не од Општина Велес.**

**10.** Што се однесува до барањето на список со сите испектори кои се под надлежност на Општина Велес, како и да Ви се достави Извештај за работата за претходната 2024 година на инспекторатот за **урбанизам** и градежништво, Ви доставуваме информации за бројот на овластените инспектори на Општина Велес и извештај за нивната работа.

Одделение за инспекциски надзор:

1.Славица Переска-Виш инспектор за патен сообраќај;

2.Силфана Essentially Ончева-Инспектор за утврдување на наплата на данок;

3.Сања Карабатова Игновска- Инспектор за утврдување на наплата на данок;

4.Македонка Виларова-Просветен инспектор;

5.Томислав Босилков-Градежен инспектор;

6.Лидија Ѓурова-Градежен инспектор;

7.Ирена Левкова-Комунален инспектор;

8.Љупче Ничовски-Инспектор за домување и

9.Славче Велков-Кандидат за инспектор за патишта.

Извештај за работата за 2024 година на овластените градежни инспектори:

Редовни надзори - 24;
Вонредни надзори - 121;
Контролни надзори - 51;
Донесени Решенија - 77;
Заклучоци - 39;
Жалби – 36



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Истовремено, Ве известуваме дека согласно член 128-а од Законот за градење, **државниот инспекторат за градежништво и урбанизам** е орган во состав на Министерството за транспорт, додека под надлежност на Општина Велес согласно член 128 (1) од Законот за градење, работите на инспекциски надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон ги вршат градежни инспектори на општините и на општините во градот Скопје.

Според став (2) од член 128 од Законот за градење градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од прва категорија, а овластен градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од втора категорија од членот 57 на Законот за градење.

Врз основа на член 83 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), во постапката при вршењето на инспекцискиот надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него, се применуваат одредбите од овој закон и Законот за инспекциски надзор.
(2) Инспекцискиот надзор се врши над постапките за донесување и спроведување на урбанистичките планови и урбанистичките проекти од овој закон во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и во аналогна односно хартиена форма.
(3) Работите на инспекцискиот надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него го врши Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.
(4) Работите на инспекцискиот надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него, инспекторатот ги врши преку **државни урбанистички инспектори**.

Според горенаведеното Ви укажуваме дека Општина Велес не е надлежна за инспекциски надзор над примената на Законот за урбанистичко планирање и прописите донесени врз основа на овој закон, поради што нема урбанистички инспектори, и дека таквиот надзор се врши преку државните урбанистички инспектори.

**11.** Ви го доставуваме Регистарот на категоризирани угостителски објекти на територија на Општина Велес, во кој согласно член 4 став 2 од Законот за угостителска дејност, се однесува на физичките лица кои согласно со одредбите на овој закон вршат угостителска дејност давање на угостителски услуги во куќи, апартмани и соби за одмор и се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината.

**12.** Согласно Законот за постапување со бесправни објекти до Општина Велес се поднесени вкупно 10.296 барања за утврдување на правен статус на бесправен објект и тоа:

- во 2011 година– 7864 барања;
- во 2014 година- 25 барања;
- во 2015 година- 160 барања;
- во 2016 година- 1524 барања и
- во 2018 година- 723 барања.

Согласно податоците добиени од овластениот градежен инспектор на Општина Велес, во Општина Велес се регистрирани 63 дивоградби во текот на 2024 година.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

**13.**Барањето да се изврши ревизија на сите веќе одобрение елаборати од страна на Општината, ќе биде земено во предвид. Инспекциските надзори се во тек.

**14.** Во однос на прашањето дали Општината врши теренски проверки за потврдување на веродостојноста на одобрените елаборати, Ве известуваме дека комисијата за поставување на урбана опрема составена од претседател и двајца членови, пред да се изработи пресметка или Одобрение, излегува на терен и ја споредува фактичката состојба со она што е прикажано во Елаборатите. Доколку истото се поклопува, простапката продолжува кон следните чекори. Доколку елаборатот не соодветствува со она што го има на лице место, странката е должна да изработи нов Елаборат по насоките дадени од комисијата или да направи корекции на поставената урбана опрема.

**15.** Во однос на прашањето дали е извршен вонреден инспекциски надзор после трагедијата во Кочани на сите барови, кафичи и дискотеки и сл. на територија на општината и што е констатирано до сега, Ве известуваме овластените инспектори од Одделението за инспекциски надзор активно се на терен во однос на ова прашање. Инспекциските надзори се во тек.

**Образложение**

Барателот [redacted] до имателот на информации Општина Велес поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1937/1 од 25.03.2025 година, со кое се бараат информации од јавен карактер електронска форма на меил.

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапија по горенаведеното барање за добивање на информација од јавен карактер во законски определениот рок согласно член 3, став 1, алинеја 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), и констатираа дека барањето делумно се однесува на информации од јавен карактер.

Имателот Општина Велес спроведе тест за штетност и констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер, освен информацијата за локациите на дивоградбите поради што истата не му се доставува и неговото барање за информации од јавен карактер делумно се одбива.

Тестот за штетност е задолжителна постапка со која имателот на информацијата ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавувањето на информациите.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Имено, службените лица за посредување со информации од јавен карактер констатираа дека информацијата која се однесува на локациите на дивоградбите е информација која содржи лични податоци чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци на странките во постапките водени пред Општина Велес и истите се стекнати односно составени за спроведување на управна постапка кај иимателот на информации Општина Велес по барања на физички и правни лица од Општина Велес за свои индивидуални и приватни потреби и истите не се од јавен карактер односно јавен интерес, поради што барањето за доставување на таквата информација му се одбива.

Исто така, локациите на дивоградбите не претставуваат информации од јавен карактер, имајќи го во предвид фактот дека секое барање за постапување со бесправно изграден објект е поднесено од физичко или правно лице кое своите лични индивидуални права и приватни интереси ги остварува во постапка пред надлежниот орган, додека во постапката пред овластениот градежен инспектор се информации кои се стекнати односно создадени во тек на управна постапка, кои исто така се информации за лични податоци на субјектите во постапката.

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидува исклучок од слободен пристап до информации, така што врз основа на член 6 став 1 точка 2 од истиот, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.

Според член 4 став 1 точка 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21), **„Личен податок“** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, **податоци за локација**, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

Имателот на информации му укажува на барателo[redacted]дека дека целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е на физичките и правните лица да им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, за начинот на користење и трошење на јавните пари, парите на граѓаните, да се овозможи учество на граѓаните во креирањето и водењето на јавните политики и слично.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Законот за слободен пристап нема за цел преку поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер, барателите на информации да остваруваат лични, приватни или индивидуални права или како странки да обезбедуваат докази за водење на судски постапки, дополнително да бараат и предлагаат преземање на управни дејствија и донесување на потврди, извештаи и/или други акти, за кои се во тек, или врз основа на бараните податоци ќе бидат поведени постапки пред надлежните судови, каде што барателот за пристап до информации од јавен карактер е една од странките во спорот и истиот своето право го остварува согласно одредбите од други материјални закони, како Законот за адвокатура, Законот за парничната постапка и други материјални закони.

Токму заради горенаведеното, пристапот до информациите од јавен карактер е бесплатен.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес службени лица за посредување
со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Мацарова

Доставено до
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*